**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Скопје 2013

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

**(нацрт верзија)**

# 2018 - 2020 година



**Почитувани**

Стратешкото планирање е организациска управувачка активност која се користи за поставување на приоритети, фокусирање на енергија и ресурси, зајакнување на работењето, обезбедување дека вработените и другите засегнати страни работат кон заеднички цели, да се воспостават договори околу планираните резултати и да ги проценат и прилагодат финансиските импликации за остварување на стратешките приоритети донесени од Владата на Република Македонија. Во Стратешкиот план на министерството се презентирани конкретните програмски активности и стратешки цели во областа на земјоделството шумарството и водостопанството. На аналитичен начин се представени мисијата и визијата, приоритетите, целите, и плановите, на министерсвото во еден среднорочен период од три години. Целта на стратешкиот план е неговата реална остварливост. Вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство даваат свој личен, конкретен допринес, професионално се посветуваат кон исполнување на задачите и целите кои произлагуваат од стратешкоит план со што земјоделството ќе даде значаен придонес кон развојот на економијата и севкупниот општествен развој на Република Македонија.

Со почит:

Министер
Љупчо Николовски

**Содржина**

**Поимник** ......6
1.1 **Вовед**......7
1.2 **Мисија**......9
1.3 **Визија**......9
**1.4 Задачи и обврски на органот на државната права**......10
**1.5 Специфичност на органот на државната управа**......11
**1.6 Структура на органите на државната управа** ......12
**1.7 Односи со органите во состав (планирани промени)**......13
**1.8 Приоритети и цели на органот на државната управа**......17
**1.9 Осврт на постигнати резултати за 2016 година**......21
**1.10 Осврт на постигнати и очекувани резултати за 2017 година**......50
**1.11Програми**......51
**Програма – Интегрирани информативни систетми за поставување на политиките, прилагодување кон ЕУ и зајакнување на административниот капацитет и меѓународна/трговска соработка**......65
**Програма- Шумарство и ловство**......81
**Подпрограма 2.Б – Заштита и чување на шумите**......84
**Програма- Поддршка на развојот на земјоделството и руралните средини**......87
**Програма-Заштита на здравјето на растенијата,семе и саден материјал**......106
**Подпрограма .1 Здравје на растенијата**......106
**Подпрограма .2 Контрола и евиденција на семенски и саден материјал**......122
**Подпрограма .3 Лабораториски анализи**......132

**Програма- Управување со водни ресурси**.............................................................................................................................141
**Развивање на заедничките функции во МЗШВ**..........................................................................................................150

1. **Принципи на правична застапеност според кои се раководи МЗШВ**......................................................................151
2. **Креирање на политики**.............................................................................................................................................151
3. **Стратешко планирање и подготвување на буџетот на МЗШВ**..................................................................................152
4. **Внатрешна ревизија**..................................................................................................................................................156
5. **5. Подобрување на пост бербените активности, маркетинг и стандарди за**
6. **квалитет на земјоделско- прехрамбените производи**..............................................................................................159
7. 6**. Создавање и трансфер на знаење**............................................................................................................................163

**ПОИМНИК**

**МЗШВ – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**МФ – Министерство за финансии**

**МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање**

**СЕП – Секретаријат за европски прашања**

**СЗ – Секретаријат за законодавство**

**СБ – Светска банка**

**АПРЗ – Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството**

**АФПРЗ – Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој**

**НППА – Национална програма за апроксимација**

**ИПАРД – Инструмент за пред-пристапна помош (**IPA**),петта компонента рурален развој (**IPARD)

**ЗПИС – Земјоделско пазарен информативен систем**

**ФАДН –** Farm accountancy data network **– Мрежа на сметководствени податоци за фарма**

**ЕРЗС – Единствен регистер на земјоделски стопанства**

**ИТ – Информатичкатехнологија**

**ЕУ – Европска унија**

**НАТО – Северно атланска алијанса**

**СТО – Светска трговска организација**

**СИДА –** Swedish international development agency **– Шведска агенција за интернационален развој**

**ГТЗ –** Deutsche Gesellschaft fur Technische Zusammenarbeit **– Германска техничка поддршка**

**ФАО –** Food and Agriculture Organization (of the UN)- **Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации**

**КАРДС – Помош на заедниците за реконструкција и развој на стабилност**

**УСАИД – Меѓународна агенција за развој на САД**

**ССА – Спогодба за стабилизација и асоцијација**

**ЦЕФТА –** Central European Organisation (of the EU CAP)- **Договор за слободна трговија за централно- европските земји**

**ТАИЕКС –** Technical Assistance Information Exchange Unit **– Техничка помош за размена на информации**

**ЕХИМ – Издавање увозно-извозни дозволи преку едношалтерскиот систем**

**ИГУ – Интегрирано гранично управување**

**ПИФК – Јавна внатрешна финансиска контрола**

**ДФЛ- Државна фитосанитарна лабораторија**

**ИАЦС- Интегриран систем на администрација и контрола**

**ЛПИС- Системот за идентификација на земјишни парцели**

**ФФМ- Федерација на македонски фармери**

**ФЗНХ- Факултет за земјоделство наука и храна**

**МШ- Македонски шуми**

**ДИШЛ- Државен инспекторат за шумарство и ловство**

**ДЗС- Државен завод за статистика**

**ВК – Ветеринарна комора**

**ДХ – Дирекција за храна**

**ДИЗ –Државен инспекторат за земјоделство**

**АДС – Агенција за државни службеници**

**ФВМ – Факултет за ветеринарна медицина**

**ЗЗП – Заедничка земјоделска политика**

## 3. Вовед

**Што е стратешки план?**

**Стратешкиио план на МЗШВ е документ кој се користи за организацијата и остварување на стратешките цели со активностите потребни за постигнување на тие цели, средствата и ресурсите кои се потребни и сите други критични елементи развиени за време на планирањето.**

**Кој и што е стратешкиот менаџмент на МЗШВ ? Што е извршување на стратегија?**

**Стратешко управување е сеопфатна колекција на тековни активности и процеси кои МЗШВ ги користат за систематско координирање и усогласување на ресурсите и активностите со мисијата, визија и стратегија низ целата организација. Активностите на стратешки менаџмент го трансформираат планот во систем кој обезбедува повратни информации за стратешките перформанси за донесување на одлуки и го овозможува планот да се развива и расте како што се менуваат условите и другите околности.**
**Кои се чекорите :**
**1) анализа или проценка, каде што се развива разбирање на сегашните внатрешни и надворешни влијанија и окружувања,**
**2) Анализа на постигнатото во поранешниот период, формулација на стратегијата, каде што е развиена стратегија на високо ниво и стратешки план на ниво на основно ниво.**
**3) Извршување на стратегијата, при што планот на високо ниво се преведува во повеќе оперативни планови и акциони ставки и**
**4) Фаза на евалуација или одржување / управување, тековната позиција и евалуација на перформансите,**

**Стратешкото планирање се спроведува континуирано во среднорочна тригодишна рамка. Тоа не е едноставен збир на планови на секоја организациона единица, туку е усогласен и реален план на МЗШВ како целина.**

**Во стратешкиот план за 2018-2020 година Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го претставува креирањето на своите планови и програми за чија реализација се задолжени конкретни организациони облици.**

Стратешкиот план како дел од стратешкиот менаџмент е алатка преку која МЗШВ може да ја оцени својата позиција, квалитет на работа и да ги идентификува предизвиците и сопствените потенцијали. Стратешкиот план е во согласност со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (NPAA) како дел од програмата на Владата, како и со Националната стратегија за Земјоделие и рурален развој како и Националната стратегија за шумите на директен начин, го приближува Македонското земјоделство кон Европската пракса што ќе придонесе за побрз влез во членството на ЕУ. Значаен елемент во креирањето на стратешкиот план е партиципативноста на сите нивоа од базата во која се вклучени сите елементи од МЗШВ. На тој начин сите што што се вклучени во процесот на работа, истовремено се запознати и со решенијата за исполнување на работните задачи, со сите предуслови и институционални капацитети, човечки ресурси, финансиски средства за сите програми, како и алтернативни извори.

## 1.2 Мисија

Подигање на нивото на земјоделството шумарството и водостопанството и приближување кон високо развиените земјоделски земји во светот. Создавање на поголема додадена вредноста, поголем обем и конкурентност на земјоделското производство, аквакултурата и рибарството, забрзан развој на руралните средини, заштита на здравјето на луѓето, животните и растенијата и одржливо управување со природните ресурси – земјоделското земјиште, шумите, пасиштата и води. Зголемување на процентот на органски произведена храна.

## 1.3 Визија

Конкурентен земјоделски сектор кој со своите производи ќе биде препознатлив бренд во регионални и светски рамки.

## 1.4 Задачи и обврски на органот на државната управа




Согласно законот за организација и работа на органите на државната управа ("Сл. весник на Р. Македонија" бр.58/2000 ) МЗШВ ги врши работите што се однесуваат на:

4. **<u>Специфичности на органот на државната управа</u>**

**Министертството за земјоделство шумарство и водостопанство како дел од Владата на Република Македонија во својата работа ги следи насоките на стратешките приорити и приоритетни цели кои произлегуваат од Програмата за работа на Владата периодот 2017 – 2020 година. МЗШВ ги координира своите активностите со другите министерства и агенции органи и институции во функција на единствена и усогласена земјоделска политика. Треба да се споменат и други органи на кои МЗШВ им е ресорно министерство како што се Агенцијата за подтикнување на земјоделството, Агенција за финансиска подршка на земјоделство и руралниот развој. Агро Берза, ЈП за стопанисување со пасишта и др.**

**Целтата на министерствтвото за земјоделство шумарство и водостопанство е да креира политики и бизниснис клима за да може приватниот сектор да се развива во најдобри можни услови. Креирањето политики подразбира процес на донесување на законска основа во која ќе се развива бизнисот од обласпа на земјоделсттвото и контролирање на спроведувањето на законитоста .**

**Важно е да се спомене дека освен креирањето и контролата на спроведувањето на политиките МЗШВ се јавува во улога на трансфер на знаење и директна помош за воспоставување на систем од високо технолошко технички земјоделски фарми ќе се овозможи пример на високопродуктивно земјоделство.**

### 1.6.1 Структура на органите на државната управа

## 1.6. Органограм


МИНИСТЕР
ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ
ОРГАНИ ВО СОСТАВ

1.7 <u>**Односи со органи во состав**</u>

**Сектори:**

**Внатрешна ревизија – независна единица**

- Одделение за ревизија на регуларност, ИТ ревизија и ревизија на системите за внатрешна контрола
- Одделение за финансиска ревизија и ревизија на успешноста во работењето
- Одделение за ревизија на ИПА структурата и други странски фондови

**Финансиски прашања**
- Одделение за буџетска координација
- Одделение за буџетска контрола
- Одделение за сметководство и плаќања
- Одделение за јавни набавки

**Стратешко планирање**

**Прекршоци и поведени постапки по основ напрекршоци**
- Одделение за прекршочна постапка
- Одделение за следење и извршување на прекршоците

**Нормативно правни работи**
- Одделение за нормативно-правни работи
- Одделение за управни постапки

**Човечки ресурси**
- Одделение за развој на човечки ресурси

- Одделение за кадрови работи и персонална евиденција

Анализа на земјоделска политика
- Одделение за анализа на земјоделска политика
- Одделение за единствен регистар на земјоделски стопанства
- Одделение за следење на пазари на земјоделско прехрамбени производи
- Одделение за сметководствени податоци од земјоделски стопанства

Координација и техничка помош на кабинет на министер
- Одделение – кабинет на министерот
- Одделение за односи со јавност

Меѓународна соработка
- Одделение за соработка со мултилатерални донатори
- Одделение за трговска политика
- Одделение за соработка со билателарни донатори

Евроинтеграции
- Одделение за преговори и ЕУ интеграција
- Одделение за програмирање, реализација, следење и проценка на ИПА помошта
- Одделение за ЕУ база

Консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели
Одделение за консолидација,
Одделение за размена на земјоделско земјиште,
Одделение за земјишна банка,
Одделение за СИЗП

Лозарство, винарство и овоштарство
- Одделение за лозарство и лозов катастар
- Одделение за винарство
- Одделение за овоштарство

Земјоделство
- Одделение за поледелство
- Одделение за органско производство
- Одделение за градинарство
- Одделение за сточарство
- Одделение за рибарство и аквакултура

Маркетинг и квалитет на земјоделски производи
- Одделение за стандарди и квалитет на земјоделски производи
- Одделение за маркетинг на земјоделски производи
- Одделение за економско здружување на земјоделски производители

Шумарство и ловство
- Одделение за уредување и користење на шумите
- Одделение за одгледување на шумите и пошумување
- Одделение за заштита на шумите од биотски и абиотски фактори
- Одделение за ловство, уредување на ловишта и давање дивеч на користење – концесија

Рурален развој
- Одделение за одржлив рурален развој
- Одделение за наука, истражување и советодавни услуги

- Одделение за политика на кредитирање во рурални средини и земјоделскиот сектор
- Одделение за поддршка на подрачја со ограничени можности за земјоделско производство

Управување на претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)
-Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите
-Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондови и известување
-Одделение за спроведување техничка помош на ИПАРД фондови
-Одделение за координација на агро-еколошки мерки и “ЛЕАДЕР” од ИПАРД фондови

Информатичка технологија
- Одделение за општа информатичка инфраструктура и безбедност на информатичкиот систем
- Одделение за развој на информатички систем

Координација на подрачни единици
- Одделенија во подрачните единици
- Оделение за организација, координација и анализа на подрачните единици

Регистрирање и управување со земјоделско земјиште
- Одделение за регистрирање на земјоделско земјиште
- Одделение за управување со земјоделско земјиште
- Одделение за унапредување на земјоделско земјиште
- Одделение за размена на земјоделско земјиште
- Одделение за ЛПИС – систем за идентификација на земјишни парцели

Шумска полиција – без статус на државен службеник
- Одделение за стручно административни работи
- Одделение за внатрешна контрола
- Одделенија во подрачните единици (Шумско полициски станици)

**Органи во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

[Управа за водостопанство](#)
[Фитосанитарна управа](#)
[Државна фитосанитарна лабораторија](#)
[Управа за семе и саден материјал](#)

## 1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА ОРГАНОТ

### 1.8.1 Приоритет- Прилагодување на Македонското земјоделството кон Европските стандарди

**Во функција на остварување на наведениот приоритет се утврдуваат следните стратешки цели;**

- Воспоставување на целосно интегрирани информатички системи во земјоделството во 2018-2020 година
- Зајакнат административниот капацитет на министерството согласно годишниот план за обуки и вработувања за 2017-2019година;
- интеграција во ЕУ и НАТО и Зголемување на меѓународна соработка од областа на земјоделството.
- Имплементација на системите со кои ќе се управува квалитетот на работењето како што се ИСО стандардите и ЦАФ моделот за заедничка рамка за самооценување.

### 1.8.2 Приоритет – Развој и унапредување на шумарството

**Во функција на остварување на наведениот приоритет се утврдуваат следните стратешки цели:**

- **Пошумување на** 1.100 **хектари голини и ерозивни подрачја во следните три години**;
- **Авиосузбивање на штетникот боров четник во шумите и шумските култури на површина од** 10.000 **хаво следните три години**;
- **Зајакнување на фитосанитарната состојба на шумскиот фонд.**

**1.8.3. Приоритетот - Развој и унапредување на земјоделството и руралниот развој**

**Во функција на остварување на наведениот приоритет се утврдуваат следните стратешки цели:**

- **Натамошно реструктуирање во земјоделството, сточарството, лозарството, винарството, рибарството и аквакултурата согласно Европските практики**;
- **Зголемување на конкурентноста на земјоделските стопанства и преработувачката индустријата со целосно почитување на Европските стандарди**;
- **Унапредување на одржливиот развој на руралните средини.**

**1.8.4 Приоритет: Развој и унапредување на здравјето на растенијата**

**Во функција на остварување на наведениот приоритет се утврдуваат следните цели:**

- **Унапредување на фитосанитарната служба на ниво оке би било прифатено од европската унија**;
- **Унапредување на контролата на следење на производи за заштита на растенија и ѓубривата**;

- **Зајакната контрола и следење на семенскиот и садниот материјал.**

1.8.5. **Приоритетот: Ефикасно користење на водните ресурси**

**Во функција на остварување на наведениот приоритет се утврдуваат следните цели:**

- **Подготовка и реализација на проекти во водостопанството.**
- **Изработка на анализи, информации, програми и други материјали кои служат како стручна основа за утврдување на политиката на развојот и за решавање на проблемите во областа на водостопанството.**
- **Планирање на развојот на наводнувањето и одводнувањето.**
- **Насочување и координациија на работата во врска со меѓународните проекти од областа на водостопанството;**
- **Организација на активностите во областа на водостопантвото поврзани со домашни и меѓународни финансиски институции;**
- **Решавање на управна постапка во својата надлежност.**
- **Стручен надзор над извршувањето на законите и другите прописи и општи акти во областа на водостопанството.**

**Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство во својата работа ги следи приоритетитена Владата на Република Македонија за 2018 година, од кои произлегуваат приоритетите на министерството кои се пресликани во програмите на секторите и управите.**

1.8.6.**Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигање на животниот стандард на граѓаните.**

**Во функција на остварување на наведениот приоритет се утврдуваат следните стратешки цели:**

- **Поддршка на претпријатијата во земјоделството пред се малите и средните и зголемување на нивото на платите во земјоделство,**

- Зголемување на земјоделските површини и на приносот и на квалитетот на земјоделските производи
- Зголемување и подшка на развојот на индустриско – преработувачките капацитети кои ќе произведуваат производи со повисока додадена вредност,
- Зголемување на шумскиот фонд во Република Македонијаи по квалитетно чување на шумите

1.8.7 **Приоритет – Република Македонија-членка на НАТО и ЕУ**

**Во функција на остварување на наведениот приоритет се утврдуваат следните стратешки цели:**

**-Унапредување на односите и јакнење на соработката на билатерален регионалени мултирален план.**

**- Водење на сериозна и силна меѓународна активност со цел Република Македонија да добие можност да започне преговори со ЕУдо крајот на 2017 и носење на клучни**

1.8.8 **Приоритетот - Владеење на правото и изградба на независни нинституции.**

**Во функција на остварување на наведениот приоритет се утврдуваат следните стратешки цели:**

**Непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите.**

**1.8.9 Приоритет: реформи во образованието и и инвестирање но иновации и информатички технологии**

**Во функција на остварување на наведениот приоритет се утврдуваат следните цели:**

- **Вложување во науката и истражувањето како и развој на нови технологииии индустрии со поголем поврат на инвестицијата.**

- Забрзување на економскиот раст преку зголемување на инвестициите во науката.

1.8.10 **Приоритетот: Ефикасно градење на толерантно општество и одржување на добри меѓуетнички односи врз принцип на меѓусебна толеранција и почитување.**

**Во функција на остварување на наведениот приоритет се утврдуваат следните цели:**

- **Градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество птеку суштинска политичка поддршка со која македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци,турци, Срби, Власи Роми, Бошњаци и сите помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење на на дух на меѓусобно почитување.**

## 1,9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2016 ГОДИНА

### 1. Сектор за земјоделство

1.9. **Осврт на постигнати резултати за** 2016

- **Изработена и објавена Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година,**
- **Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017година;**
- **Изработена и објавена Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017година;**
- **Донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи (Сл. весник на РМ бр.39/16)**
- **Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој(Сл. весник бр.11/16, 53/16, 120/16,** 163/16)
- **Закон за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство (Сл. весник бр. 39/2016 и** 132/2016))

- Закон за изменување и дополнување на Законот за сточарство (Сл. весник бр.39/16
- Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура(Сл. весник бр.39/16)
- Програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството 2018-2025 година

**Изработени акти кои произлегуваат од Законот за земјоделство и рурален развој:**

- Изработена и објавена Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година (Сл.весник на РМ.бр.2/16, 68/16, 71/16 , 90/16, 100/16 и 112/16),
- Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година (Сл. Весник на РМ.бр.2/16, 27/16, 50/16, 68/16, 99/16 и 112/16)
- Изработена и објавена Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 година (Сл. весник на РМ бр 6/16)

**Изработени подзаконски акти од Законот за тутун и тутунски производи:**

- Правилник за формата и содржината на барањето за одобрување на станица за тестирање на добиток. (Службен весник на Република Македонија бр.94/16)
- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за одобрување на институција за производство на семе и одгледувалиште на пчелни матици.
- Правилник за формата и содржината на барањето за одобрување на правно лице за вршење на промет со семе (Службен весник на Република Македонија бр.85/16)
- Правилник за формата и содржината на барањето за одобрување на институција за добивање и пресадување на ембриони (Службен весник на Република Македонија бр.85/16)
- Правилник за формата и содржината на барањето за одобрување на организациите на одгледувачи по одделни видови на добиток. (Службен весник на Република Македонија бр.90/16)

- Правилник за формата и содржината на барањето за одобрување на институција од областа на сточарството. (Службен весник на Република Македонија бр.85/16)
- Изработени повеќе информации од сите области кои го покриваат секторот за земјоделство.
- Изработените и доствени информации до Владата на РМ се однесуваат на подобрување на тековните состојби во земјоделското производство, реализација на одредени дополнителни активности кои произлегуваат од моменталните состојби, како и материјали од информативен карактер.

1.10. **Осврт на остварени и очекувани резултати во 2017 година Потпрограма (30) Сектор за Земјоделство**

- **Изработен нов Закон за тутун, тутунски и сродни производи.**

**Изработена Информација со предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции со барање на мислење од Министерство за здравство.**

- **Изработена Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година**
- **Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година**
- **Изработена Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2018 година.**
- **Програма за биолошка разновидност во сточарството 2018-2022.(подзаконски акт од Законот за сточарство).**

Изработени подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за рибарство и аквакултура:

- Правилник за иzменување на Правилникот за големината на рибите под која не смеат да се ловат за стопански и рекреативен риболов (Службен весник на Република Македонија бр.48/17)
- Изработени и донесени 29 риболовни основи за одделни риболовни води (Службен весник на Република Македонија бр.4/17; 6/17; 17/17; 24/17; 25/17; 55/17; 56/17 и 57/17)

- Изработени повеќе информации од сите области кои го покриваат секторот за земјоделство,. Изработените и доствени информации до Владата на РМ се однесуваат на подобрување на тековните состојби во земјоделското и рибарското производство, реализација на одредени дополнителни активности кои произлегуваат од моменталните состојби, како и материјали од информативе карактер.

---

Осврт на остварени резултати на одделението за 2016 година

- Изработен стратешки план на МЗШВ;
- Имплементација на ИСО и КАФ стандардите во работењето На Министерството
- Стручна помош при носење на стратешките документи;
- Кореспоненција преку дописи и мислења за стратешки документи од други органи на државната управа
- Давање одговори на поставени прашања согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер

Остварени резултати на одделението за 2017 година

- Оптимално и ефикасно реализирање стратешките цели,
- Стручна помош при носење на стратешките документи и од национален карактер;
- Креирање на акциони планови за спроведување на стратегиите во Министерствот
- Коресподенција со органите на државната управа во врска со стратешки поставени цели и документи од национален карактер,
- Имплементација на ИСО и КАФ стандардите во работењето на МЗШВ
- Создавање трансфер на знаења во Минстерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Споредбени анализи за спроведување на стратегиите во областа на земјоделството

1. **Организација и координација на подрачни единици**

- Секторот за организација и координација на подрачните единици врши посредување, организирање и координирање помеѓу подрачните единици и сите сектори во МЗШВ и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, АПРЗ, АД Водостопнаство Скопје и ЈП Пасишта Скопје,
- Врши непосредна контрола и надзор над извршување на работите на подрачните единици,
- Воведување во владение на државно земјоделско земјиште по завршен оглас,
- Единствен регистар на земјоделски стопанства,
- Учествува во спроведување на Програмата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој за 2018 година,
- Евидентира електронски барања на фармерите за финансиска поддршка по различни мерки во поддрачни единици,
- Евидентира електронски барања за финансиска поддршка за растително производство, сточарско производство,
- Отварање и изнаоѓање на простор за нови подрачни канцеларии од времен карактер за период во време на поднесување на апликации за субвенции,
- Обезбедување на деловен простор, техничка опрема и надоградба и поврзување на софтверите во сите подрачни единици и новите подрачни времени канцеларии,
- Внесување на парцели од договори за закуп на државно земјоделско земјиште во софтверот на АКН (Агенција за катастар со недвижности ) и поднесување на барања за сите активности кои се однесуваат на државно земјоделско земјиште доделено и слободно преку подрачните единици,

---

## 3.Земјоделство и рурален развој

**Осврт на постигнати резултати за година 2016 година**

- **Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година (Службен весник на РМ бр.** 6/16); **ЕПП:**

- **Програма за изменување и дополнување на програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година (Службен весник на РМ бр. 64/16); ЕПП:**
- **Правилник за изменување и дополнување на правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка; (Службен весник на РМ бр. 35/16 и 59/16),**
- **Закон за дополнување на законот за земјоделски задруги (Службен весник на РМ бр. 39/16); ЕПП: и**

**Анализа одобрени кредити во земјоделството бо банки и штедилници за период 1.1.2015 до 31.12.2015 год.**

**Осврт на постигнати и очекувани резултати во тековната година 2017 год.**

**Постигнати резултати:**

- **Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година (Службен весник на РМ бр. 192/16); ЕПП:**
- **Програма за изменување на програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година (Службен весник на РМ бр. 07/17); ЕПП:**
- **Програма за изменување и дополнување на програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година (Службен весник на РМ бр. 44/17); ЕПП:**

**Очекувани резултати:**

- **Следење и евалуација на ефектите од досегашните програми за финансиска поддршка на руралниот развој (за период 2007-2017).**
- **Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделски задруги**

Очекувани резултати:

- Следење и евалуација на ефектите од досегашните програми за финансиска поддршка на руралниот развој (за период 2007-2017).
- Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделски задруги („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, бр.51/15, бр.193/15 и бр.39/16).

- Закон за изменување и дополнување на законот за земјоделство и рурален развој (“Службен весник на Република Македонија бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83,15, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17) за дел VI ПОЛИТИКА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ и дел VII ДРЖАВНА ПОМОШ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО. Член 98-а и Член 98-б

## 4. Лозарство, винарство и овоштарство

Основна задача на Секторот е подготовка, развој и реализација на политиките, мерките и активностите за развојот на лозарството, винарството и овоштарството во областа на земјоделството.

Поставување и спроведување на ефикасни политики за поддршка на развојот на лозарството, винарството и овоштарството за зголемување на конкурентност и реструктурирање на областа и усогласување на националното законодавство кон законската регулатива на ЕУ и создавање/градење/зајакнување на институционалниот и административен капацитет за спроведување на политика во областа по принципите на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ во насока на полноправно членството на Република Македонија во Европската Унија.

Задачите обврските и активностите

- Креирање на политики, мерки и активности во лозарството, винарството и овоштарството во насока на унапредување на областа

- Надградба на институционалниот капацитет за спроведување и спроведување на политиката и реализација на мерките и активностите во лозарството, винарството и овоштарството
- Усогласување на националната законска регулатива односно усвојување на правото на ЕУ од областа на лозарството, винарството и овоштарството
- Утврдување на преговарачки позиции и подготовка за започнување и реализација на преговори со ЕУ во областа на лозарството, винарството и овоштарството

рамките на Секторот за лозарството, винарството и овоштарството на МЗШВ постојат три одделенија:

- Одделение за лозарство и лозов катастар,
- Одделение за винарство
- Одделение за овоштарство

**Осврт на постигнати резултати за година 2016**

- Изработени и објавени се два Закони за изменување и дополнување на законот за виното и 3 правилници од Законот за виното;
- Изготвени и реализирани се мерки и активности за поддршка на лозарство, винарство и овоштарство во рамките на Програмата за поддршка на земјоделството за 2016 година.
- Изготвени и реализирани се мерки и активности за поддршка на лозарство, винарство и овоштарство во рамките на Програмата за поддршка на земјоделството за 2017 година

**Осврт на очекувани резултати во тековната година 2017**

- Дизајн и следење на ефектите на мерките и активностите во областа на лозарство, винарство и овоштарство од Програмата за финансиска поддршка на земјоделството за 2018
- Реализација на мерките и активностите од Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА)_ревизија 2018 од областа

- **Спроведување на активностите предвидени во Спогодбата за стабилизација и асоцијација и потпишување на нов Протокол за вино помеѓу РМ и ЕУ**

## 5. Шумарство и ловство

**Осврт на постигнати резултати за година** 2017

- **Потпишан е еден договор за превентивна заштита на шумите преку ИДП службата**;
- **Извршено е пошумување на голини и ерозивни земјишта на површина од** 75 **ха;**
- **Изготвен е 101 записник и решение за исплата на средства за уништен штетен дивеч заклучно со месец јуни 2016 година, а се очекува да пристигнат уште околу 199 записници за уништен штетен дивеч до крајот на 2016 година.**

**Осврт на постигнати и очекувани резултати во тековната година** 2017

- **Потпишан е еден договор за превентивна заштита на шумите преку ИДП службата**;
- **Извршено е пошумување на голини и ерозивни земјишта на површина од** 91,67 **ха;**
- **Изготвени се 74 записници и решенија за исплата на средства за уништен штетен дивеч заклучно со месец јуни 2017 година, а се очекува да пристигнат уште околу 226 записници за уништен штетен дивеч до крајот на 2017 година.**

## 6. Финансиски прашања

**Осврт на постигнати резултати за година** 2016

- **Изготвени годишен и квартални финасиски планови**
- **Изготвен Годишен финансиски извештај за 2016 година**

**Осврт на постигнати и очекувани резултати во тековната година** 2017

- **Реализирани се активности од Одделението за Буџетска координација и тоа: Намалување на буџетските расходи во делот на патни и дневни трошоци кој спаѓа во сметка 420- Патни и дневни трошоци, како и намалување на буџетските расходи во делот на комунални услуги и комуникации и греење кои се во сметка** 421-**Комунални услуги, комуникации и греење.**
- **Одделението за јавни набавки согласно ГПЈН за 2017 година до месец јули 2017 год. има реализирани преку 12 постапки за доделување на договори за јавни набавки, стоки, услуги и работи. Во тек се повеќе постапки за доделување на договори за јавни набавки, стоки, услуги и работи.**
- **Донесено Решение за интерна распределба на финасиските средства во МЗШВ за 2017 година**
- **Донесен план за воспоставување и развој на финасиското управување и контрола и донесена методологија за спроведување на планот**
- **Процедури за квалитет по ИСО 9001:2008**
- **Донесена стратегија за управување со ризикот и Регистер за управување со ризици на министерството и управите во состав**

7. **Регистрирање и управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост**

**Осврт на постигнати резултати за година** 2016

- **Распишани и реализирани се вкупно 14 Јавни огласи и 1 Јавен повици.**
- **Во приодот на 2016 година изготвени се** 53 **предлог одлуки за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште;**

- **Водење земјишен регистар на државно земјоделско земјиште и регистар на договори за закуп на државно земјоделско земјиште;**
- **Изработени измени и надополнувања на Законот за земјоделско земјиште и Правилници кои произлегуваат од истиот;**
- **Изготвени Решенија за позитивно мислење за користење на земјоделско земјиште за неземјоделски цели, односно времена пранамена (детални и експлоатација на минерални суровини);.**

  **Издадени Решенија за согласност за потврдување на бесправно изградени објекти изградени на земјоделско земјиште кои се користат за земјоделски намени.**

**Осврт на постигнати и очекувани резултати во тековната година** 2017

- **Реализирање на Огласи за доделување на државно земјоделско земјиште под закуп;**
- **Изготвување на договори за закуп;**
- **Изготвување на решенија за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште;**
- **Водење земјишен регистар на државно земјоделско земјиште и регистар на договори за закуп на државно земјоделско земјиште**;
- **Водење евиденција на платена закупнина и водење на судски постапки за наплата на долг по основ на закупнина;**
- **Изготвување на решенија за користење на земјоделско земјиште за не земјоделски цели;**
- **Издавање на решенија за согласност за потврдување на бесправно изградени објекти изградени на земјоделско земјиште кои се користат за земјоделски намени.**

## 10. Консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели

**Осврт на постигнати резултати за година** 2016

- **Имплементирање на  проекти за консолидација**
- **Изготвување на предлог одлуки за размена на земјоделско земјиште**
- **Финализација и ажурирање на СИЗП – Систем за идентификација на земјишни парцели**
- **Подготвување и реализација на проекти за техничка поддршка, набавка и унапредување на СИЗП системот.**
- **Учествување во процесот на усогласување на законодавството на ЕУ и институционалните промени во делот на идентификацијата на земјишни парцели**

**Осврт на постигнати резултати за година** 2017

- **Имплементирање  проекти за консолидација со распределба**
- **Заради окрупнување на земјоделските парцели, по барање на десет или повеќе сопственици на земјоделско земјиште спроведување на постапка за консолидација со размена.**
- **Изготвување на предлог одлуки за размена на земјоделско земјиште**
- **Тековно одржување и ажурирање на СИЗП – Систем за идентификација на земјишни парцели,**
- **Реализација на развојни проекти за унапредување СИЗП системот и хардверската и софтверска поддршка на СИЗП**,
- **Следење на законодавството на ЕУ и институционалните промени во делот на идентификацијата на земјишни парцели**,

## 11. Човечки ресурси

### Осврт на постигнати резултати за година 2016

- **изготвување и донесување на Годишен план за вработување во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2017 година и полугодишни извештаи за негова реализација;**

- изготвување и донесување на Годишен план за вработување во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2018 година и полугодишни извештаи за негова реализација;
- реализација на постапки за спогодбено преземање вработени од други институции;
- изготвени и усвоени 2 измени на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- континуирано водење на персонална евиденција на вработените, доставување на податоци и извештаи до надлежните институции и за потребите на министерството;
- внесување и ажурирање на податоци за вработените во Информациониот систем за управување со човечки ресурси;
- следење на реализацијата на Годишната програма за обуки на административните службеници во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2017 година и подготовка на полугодишни извештаи за нејзина реализација;
- изготвување и донесување на Годишна програма за обуки на административните службеници во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2018 година;
- координација и евиденција на обуките за вработените во министерството;
- евиденција на службените патувања во странство и изготвени и доставени до ГСВРМ месечни извештаи за реализирани службени патувања во странство;
- спроведување на постапката за континуирано следење на ефектот на административните службеници - оценување;
- спроведени 2 постапки за пробна работа за лица кои што прв пат се вработуваат во државна служба, по што на вработените им е изготвено Решение за стекнување со статус на државен службеник и распоредување на работно место;
- изготвување решенија за престанок на работниот однос по сила на закон;
- изготвување решенија за распоредување на вработените заради потребите на работата;
- изготвување решенија и реализација на пријави и одјави за користење на правото на отсуство без надомест на плата (неплатено отсуство);
- изготвување решенија за парична помош поради смрт на член на потесното семејство на вработените;

Осврт на постигнати и очекувани резултати во тековната година 2017

- Реализација на планираните вработувања на ниво на МЗШВ;
- Воспоставување на редовен систем на функционирање и развој на човечките ресурси во министерството (следење на развојот, обуки и стручно усовршување, оценување, наградување, казнување, мотивација и сл.)
- Зајакнување и консолидирање на секторот;
- Организација на работата и координација на активностите на секторот;
- Реализација на планот за обука и проценка на потребите за обука;
- Водење персонална евиденција на вработените;
- Остварување на правата на вработените согласно Законот за работни односи и Законот за административни службеници.

## 12. Меѓународна соработка

Осврт на постигнати и очекувани резултати во тековната 2016/2017година

- спроведување на меѓународната соработка согласно стратешките документи на Владата на РМ и МЗШВ.
- координацијата на странска помош (мултилатерални и билатерални донатори) во секторите кои се во надлежност на МЗШВ согласно со приоритетите и целите дефинирани во стратешките документи на Владата на РМ и МЗШВ
- спорведување на трговската политика и размена на податоци за трговскиот режим со земјоделско-прехранбените производи во меѓународни и регионални рамки и следење на трговската политика и зголемување на приходот од трговската размена на земјоделско - прехранбените производи, следење и реализација на обврските согласно договорите кои ги регулираат трговските односи на РМ во секторот, Договорот ЦЕФТА-2006, ССА меѓу Република

Македонија и Европските Заедници, реализација на обврските од СТО и нотификација на документот за Агрегатните мерки на поддршка во земјоделството.

- спроведување и иницирање на Спогодби/Протколи/Договори, потпишани во претходните години, помеѓу Република Македонија со одделни земји во областа на земјоделството, како и други области.

## 13. Шумска полиција

Осврт на постигнати резултати за година 2016

- Донесена одлука од страна на Европската Комисија за правото на Република Македонија за управување со буџетот во рамки на ИПАРД 2014-2020 со потпшување на Финансиска спогодба за ИПАРД 2014-2020 во март 2017 година.
- Објавен прв јавен повик за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 година
- Изготвен Годишен извештај за спроведувањето на ИПАРД Програмата (2016) и доставен до Европската комисија
- Изготвени 4 квартални извештаи за ризици и табела за следење на ризици.
- Изработка на 12 месечни табели за следење на ИПАРД Програмата
- Подготовка на месечни информации за Владата на Република Македонија
- Подготовка на двомесечни извештаи за следење доставени Европската Комисија
- Изготвување и спроведување на Акцискиот планови за постапување по ревизорски наоди ( 2 пати во годината)
- Достава на конечни ревизорски извештаи од Државниот Завод за Ревизија и Внатрешната ревизија на МЗШВ до НАО/НФ
- Подготовка и организирање на 19ти ИПАРД Мониторинг комитет за ИПАРД Программа 2007-2013
- Подготовка и организирање на 2-от ИПАРД Мониторинг комитет за ИПАРД Програмата
- Изработка на Акциски План за операции предвидени со мерката Техничка помош за 2018 (АПТА)
- Спроведување на ex-post евалуација ( финална проценка ) на ИПАРД 2007-2013 ( изработка на тендер досие)

- Реализирање на јавна набавка на услуги за публицитет и комуникација на ИПАРД 2014-2020
- Реализирана последна измена на ИПАРД програма 2007-2013
- Прва измена на ИПАРД програма 2014-2020

Осврт на постигнати резултати за година 2017

Поднесени пријави од ШПС : Прекршочни пријави – 560, Кривични пријави – 97

Привремено одземена дрвна маса : Огревно дрво – 802,13 $м^3$, Дрвен јаглен –150 кг., Евидентирана дрвна маса на терен и останата на лице место поради необезбедување на превоз од страна на ЈП „Македонски шуми“ – 249,14$м^3$

Привремено одземени средства со кои е сторен прекршок: Товарно моторно возило – 24, Патничко моторно возило -166, Трактор – 9, Тракторска приколка – 13, Моторни пили – 47, Други приколки – 10, Запреги - 58, Секири – 39, Рачни пили – 21,Самари – 15,

Намалување на бесправните сечи

Осврт на постигнати и очекувани резултати во тековната година 2017

Поднесени пријави од ШПС : Прекршочни пријави – 550, Кривични пријави – 97 Привремено одземена дрвна маса: Огревно дрво – 802,13 $м^3$, Дрвен јаглен –150 кг., Евидентирана дрвна маса на терен и останата на лице место поради необезбедување на превоз од страна на ЈП „Македонски шуми“ – 249,14 $м^3$

Привремено одземени средства со кои е сторен прекршок: Товарно моторно возило –24, Патничко моторно возило - 166, Трактор – 9, Тракторска приколка – 13, Моторни пили – 47, Други приколки – 10, Запреги - 58, Секири – 15, Рачни пили – 21,Самари – 39, Намалување на бесправните сечи

## 14. Маркетинг и квалитет на земјоделските производи

Осврт на постигнати резултати за 2016 и 2017 годинагодина

- Реализација на тековни проекти/програми и останатите меѓународни и билатералните донатори и институции;
- Активности за идентификација на потенцијални корисници на заштитните ознаки заради обезбедување на финансиска подршка за подготовка на елаборати, регистрација и заштита на нивниот квалитет;
- Изработка на Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот за 2018 година.
- Ораганизација и учество на меѓународни саеми и манифестации и изработка на пропаганден материјал.
- Со измените и дополнувањата на овој дел од Законот покрај поедноставувањето на постапката за заштита на квалитетот и усогласување со новата ЕУ регулатива број 32012R1151, се намалија и трошоците за заштита, за кој беше утврдено дека се високи за производителите и поради тоа постоеше слаб интерес кај истите.
- Планирана е заштитата на називите на производите за кои веќе има изработено елаборати и тоа за: "БИСТРА ОВЧИ КАШКАВАЛ" и "БИСТРА ОВЧО БЕЛО СИРЕЊЕ" .
- Изработена и објавена Програма за финансиска поддршка во руралниот развој за 2017 година.
- Учество на Секторот во изготвување и презентирање на Извештајот за от Поткомитет за земјоделство и рибарство.
- Реализација на тековни проекти/програми и останатите меѓународни и билатералните донатори и институции.

**Осврт на постигнати и очекувани резултати за 2017/2018 година**

- Активно учество во изработката на стратегиите за извоз на свежо и преработено овошје и зеленчук
- Организација и учество на мегународни саеми и манифестации и изработка на пропаганден материјал. 100% реализирано,
- Учество и презентација на стандардите за квалитет на свежо овошје и зеленчук на подсекторските групи за овошје и зеленчук одржан низ цела Македонија.
- Учество и презентација на пазарните стандарди и заштитените ознаки за квалитет на земјоделските и прехранбените производи на менаџерите на земјоделските задруги.
- Учество и презентација на заштитените ознаки за квалитет на земјоделските и прехранбените производи во Битола,Ресен и Новаци.
- Донесени и изработени се подзаконските акти кои произлегоа од измените и дополнувањата, а се однесуваат на водењето регистри за заштитени ознаки и регистри за корисиците на заштитените ознаки и истите се објавени во Службен весник на РМ и официјалната веб страна на министерството,
- Регистрација на називот Охридска цреша како прв производ со заштитена географска ознака,
- Реализација на тековни проекти/програми и останатите меѓународни и билатералните донатори и институции,
- Активности за идентификација на потенцијални корисници на заштитните ознаки заради обезбедување на финансиска подршка за подготовка на елаборати, регистрација и заштита на нивниот квалитет,
- Изработка на Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот за 2018 година.
- Ораганизација и учество на меѓународни саеми и манифестации и изработка на пропаганден материјал,
- Со измените и дополнувањата на овој дел од Законот покрај поедноставувањето на постапката за заштита на квалитетот и усогласување со новата ЕУ регулатива број 32012R1151, се намалија и трошоците за заштита, за кој беше утврдено дека се високи за производителите и поради тоа постоеше слаб интерес кај истите.
- Планирана е заштитата на називите на производите за кои веќе има изработено елаборати и тоа за: "БИСТРА ОВЧИ КАШКАВАЛ" и "БИСТРА ОВЧО БЕЛО СИРЕЊЕ"

## 15. Евроинтеграции

### Осврт на постигнати резултати во 2016/2017 година

- Следење и реализација на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација - ССА; Продолжение на технички разговори за Протоколот за реципрочни преференцијални концесии за одредени вина, реципрочно признавање, заштита и контрола на имиња на вино, алкохолни пијалаци и ароматизирано вино, меѓу Република Македонија и Европската унија;
- Реализација на обврските во рамките на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА_ревизија 2017);
- Подготовка на ревидирана верзија на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА_ревизија 2018);
- Реализација на активности предвидени во Пристапното партнерство;
- Подготовка на тендерска и проектна документација за реализација на проектот од ИПА-ТАИБ (I) Компонента во висина од 2,8 милиони евра (ИПА I - 2012)
